**План за работа за предметот**

**Иновации и интелектуална сопственост** (втор циклус на студии)

**– 2018/2019 год.**

**прв семестар**

**Предметни наставници**: проф. д-р Мирослав Андоновски, насл. доц. Емилија Ѓорѓиоска

**Цели на предметната програма (компетенции):**

Современиот општествен развој и динамичноста на економијата заснована на знаење сé повеќе ја нагласува улогата на иновациите и интелектуалната сопственост. Во тој контекст целта на овој предмет е да ги запознае студентите со основните концепти за иновации и интелектуална сопственост и нивната применливост за политиките на економски развој. Во делот за иновации, акцентот ќе биде ставен врз изучување на теоретските аспекти на иновациите, градење национална рамка за иновациски систем и иновациска политика, како и глобална евалуација на иновацискиот потенцијал. Во делот за интелектуална сопственост студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. Преку едукацијата студентите ќе можат да ги разграничуваат творците од носителите на правата, како и правата што им припаѓаат (морални, материјални и други). На тој начин студентите, ќе осознаат како се врши прометот на правата од интелектуална сопственост, а особено значењето и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Како резултат на тоа, студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на овие права како и нивна соодветна заштита.

**Содржина на предметот**

I. Иновации

1. Иновацијата во контекст на економијата заснована врз знаење
2. Дефинирање и поим за иновација
3. Таксономија на иновациите
4. Носители на иновации
5. Микро и макро аспекти на иновациите
6. Пазарната структура и иновациите
7. Национален иновациски систем
8. Национална иновациска политика
9. Иновациите во глобален контекст

II. Интелектуална сопственост

1. Систем на интелектуална сопственост
2. Поим на право на интелектуална сопственост
3. Настанување и развиток на правото на интелектуална сопственост
4. Извори на правото на интелектуална сопственост
5. Правната природа на правата на интелектуална сопственост
6. Субјекти и носители на правата на интелектуална сопственост
7. Содржина на правата на интелектуална сопственост

8. Права на индустриска сопственост
9. Пренесување на правата на интелектуална сопственост
10. Правна заштита на правата на интелектуална сопственост

**Литература**

- Oslo Manual, Guidelines for collecting and interpreting innovation data, OECD, 3rd edition, 2005.
- Dynamising National Innovation Systems, OECD, 2002.
- Innovation and Growth, Chasing a Moving Frontier, OECD and IBRD/the World Bank, 2009.
- The Global Innovation Index 2013, the Local Dynamics of Innovation, WIPO.
- Д-р. Јадранка Дабовиќ - Анастасовска, Д-р. Валентин Пепељугоски, Право на интелектуална сопственост, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2008 година
- Меѓународни конвенции и договори
- Законски текстови
- Директиви на Европска Унија
- 

**2. Начини на оценување -** завршен испит ***(80 поени)***

***Активност и редовност (10 поени)***

- Активност – 5 поени (дебати, домашни задачи)
- Редовност – 5поени

***Проектна задача- семинарска (10 поени)***